Друштво за истражување и развој во техничките и технолошките науки УЛТРА ДОО
Бр. 0307/729
24.11.2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 03ОА-1258/1
22.11.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
**за јавна набавка на стоки**
**Оглас: 18431/2021**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.. **ЈЗУУ Клиника за неврологија - Скопје**,
ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Мед.Директор Д.р- Иван Барбов и Орг.Директор Аљајдин Хавзиу од една страна, и

2. **УЛТРА ДОО Скопје**, адреса: Партизански одреди 70Б Скопје со ЕМБС: **4130979** застапуван(о) од Управител, Одговорно лице: Анета Антова Пешева, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II.ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"- е носител на набавката - домашно или странско правни или физичко лице.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се услуги за набавка на:
**Услуги за одржување и сервисирање на компјутерски програми и апликативен софтвер.**
Според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната цена без ДДВ: 253.000,00 денари
ДДВ: 45.540 денари,
**Вкупна цена со ДДВ: 298.540,00 денари.**
Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот односно да ги изврши услугите предмет на договорот веднаш по барање на нарачателот.
Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот